Врз основа на член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр. 75/19,89/22 и 274/22) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, за пројавување на интерес за пријавување на кандидатите за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодирање и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213 од 17.10.2024 година),и Одлуката за објавување Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен одбор и членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на јавните претпријатија основани од Советот на општина Охрид бр. 08-13128/10 од 31.10.2024 година, Советот на Општина Охрид објавува:

**Јавен повик бр. 01/2024**
**за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен одбор и членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на јавните претпријатија основани од Советот на општина Охрид**

1) Општина Охрид на предлог на Градоначалникот на Општина Охрид, на веб страницата на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk и на веб страницата на јавното претпријатие објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор и членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење во јавните претпријатија основани од Советот на Општина Охрид и тоа:

1. Општина Охрид на предлог на Градоначалникот на Општина Охрид, на веб страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk и на веб страницата на јавното претпријатие ,,Водовод" Охрид https://www.vodovod-ohrid.com.mk објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Управниот одбор и 1(еден) член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие ,,Водовод"Охрид.

**За член на управниот одбор на јавното претпријатие основано од Општината, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование ,
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиско работење

**За член на надзорниот одбор на контрола на материјално- финансиското работење може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие,
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Кандидатот треба да има најмалку пет години работно искуство.

2. Општина Охрид на предлог на Градоначалникот на Општина Охрид, на веб страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk и на веб страницата на јавното претпријатие „Охридски комуналец“ Охрид https://www.ohridskikomunalec.com.mk/ објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 2(два) члена на Управниот одбор на јавното претпријатие ,,Охридски комуналец” – Охрид.

**За член на управниот одбор на јавното претпријатие основано од Општината, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование ,
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Да има најмалку пет години работно искуство од кои:

  * најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење.

3. Општина Охрид на предлог на Градоначалникот на Општина Охрид, на веб страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk и на веб страницата на јавното претпријатие за стопанисување со Спортско рекреативниот центар „Билјанини извори“ и јавниот паркинг простор ,,Билјанини извори” - Охрид https://biljaniniizvori.mk објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Управниот одбор на јавното претпријатие ,,Билјанини извори’’ – Охрид.

**За член на управниот одбор на јавното претпријатие основано од Општината, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование ,
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиско работење.

4. Општина Охрид на предлог на Градоначалникот на Општина Охрид, на веб страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk и на веб страницата на јавното претпријатие за управување со гробишта ,,Градски гробишта’’ – Охрид https://gradskigrobistaohrid.mk објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорниот одбор за контрола на материјалното и финансиското работење на јавното претпријатие ,,Градски гробишта’’ – Охрид.

**За член на надзорниот одбор на контрола на материјално- финансиското работење може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,

- Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие,
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Кандидатот треба да има најмалку пет години работно искуство.

5. Општина Охрид на предлог на Градоначалникот на Општина Охрид, на веб страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk и на веб страницата на јавното претпријатие за изградба на комунални објекти за течности, односно изградба на дистрибуциони цевоводи за транспорт на течности и придружни објекти ,,Нискоградба'' – Охрид https://niskogradba-ohrid.mk објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорниот одбор за контрола за материјалното и финансиското работење на Јавното претпријатие ,,Нискоградба'' – Охрид.

   **За член на надзорниот одбор на контрола на материјално- финансиското работење може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:**
- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие,
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиско работење.

**2) Со пријавата заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават следната документација:**

1. Образец за пријавување;
2. Кратка биографија;
3. Уверение за државјанство;
4. Уверение или диплома за завршено виско образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, **соодветно за местото за кое се пријавува,**
5. Доказ дека во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
6. Доказ дека има најмалку пет години работно искуство за соодветното место за кое се пријавува( Преглед за регистрирани податоци во матичната евиденција од Фонд на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија)
7. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

3) Документите од точка 2) треба да бидат поднесени во оригинал или копија заверена на нотар и истите се доставуваат до архивата на Општина Охрид или по пошта на адреса: Општина Охрид, улица Димитар Влахов бр 57, 6000 Охрид со назнака: За Јавен повик за пројавување на интерес на кандидати за избор на член на управен одбор/надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење со назнака за позицијата за која се аплицира и јавното претпријатие за кое се аплицира.

4) Членовите на Управниот одбор/надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на јавното претпријатие ги именува односно ги разрешува основачот на јавното претпријатие – Советот на општина Охрид

5) Член на управниот одбор на јавното претпријатие не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во јавното претпријатие. Секој член на управниот одбор, односно директорот на јавното претпријатие, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.

6) Неспојливи се функцијата претседател и член на управен/надзорен одбор на јавното претпријатие со функцијата градоначалник на општина Охрид.

7) Рок на пријавување на заинтересираните кандидати е 5 дена, сметано од денот на објавување на јавниот повик.

8) Повикот ќе биде објавен на веб страната на Општина Охрид и на веб страната на јавното претпријатие.

9) Краен датум за пријавување е 08.11.2024 година

10) Кандидатите кои аплицираат за членови на повеќе управни/надзорни одбори за контрола на материјално- финансиското работење, потребно е да поднесат поединечно пополнета пријава за секоја позиција за која аплицираат.

11) Непополнетата пријава како и некомплетната документација и документацијата доставена по истекот на рокот за аплицирање нема да биде разгледувана.

Број 08 - 13468/1
04.11.2024 година
Охрид

Претседател на Советот
на Општина Охрид
Перчо Божиноски